РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Примено: 29.07.2013
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
Уп1-бр. 1605-761 | 4 | -

Д О Г О В О Р

Склучен на ден _____ година, во Охрид.

Договорни страни:

1. Алтрасат 2000 – Охрид, со седиште на улица „Македонски Просветители“ бб Трговски Центар Охриѓанка во Охрид. (во понатамошниот текст: Оператор) и
2. _____ со седиште на ул. _____,Охрид. (во понатамошниот текст: Корисник)

1. Предмет на Договор

1.1. Со овој Договор му се овозможува на Корисникот користење на интернет услуги овозможени од ДАВАТЕЛОТ НА ИНТЕРНЕТ УСЛУГИ преку кабелската мрежа на ОПЕРАТОРОТ, претходно дефинирани со посебен договор за деловно техничка соработка.
1.2. Со овој Договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Операторот и Корисникот.
1.3. Параметрите на интернет пристапот се дефинираат со анекс на овој Договор, при што важи дека во услугата е вклучен интернет пристап со брзина за Download во пристапен дел: _____ Mbps* и брзина за Upload во пристапен дел:_____ Mbps*_____

*Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиот договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот.

2. Обврски и права на Операторот

2.1. Обврски на Операторот
2.1.1. Операторот се обврзува во рок од 5 (пет) дена од денот на поставувањето на комплетната опрема и уплаќање на износот за првиот месечен надомест и приклучок, да се обезбеди Интернет пристап.
2.1.2. Операторот се обврзува да настојува да обезбеди добра и квалитетна услуга на корисникот на сервисите на Интернет при што ги користи сите технички средства кои му се на располагање.
2.1.3. Операторот се обврзува да се обезбедат основни потребни информации за пристап на Интернет.
2.1.4. Операторот се обврзува во најкраток можен временски рок да одговори на рекламација на Корисникот.
2.1.5. Операторот се обврзува дека нема да ги злоупотреби на кој и да е начин сите податоци за Корисникот кои се однесуваат на неговите деловни активности, деловно управување, финансиска состојба и правен статус или други информации кои се квалификуваат како изразито доверливи.
2.1.6. Операторот задолжува неопходни уреди за реализација на сервисот на терет на корисникот. Обврска на корисникот е домаќинско работење со задолжената опрема.
2.1.7. Доколку Корисникот ја промени адресата, тогаш Операторот се обврзува доколку постои техничка можност на новата локација, повторно да му ги овозможи услугите на Корисникот.

2.2. Права на операторот
2.2.1. Времено да го забрани Интернет пристапот доколку месечниот надомест не се плати и во дополнителниот рок кој ќе му биде обезбеден од страна на Операторот.
2.2.2. Целосно да го забрани Интернет пристапот доколку Корисникот не ја користи услугата исклучиво за своите потреби.
2.2.3. Да изврши измена на ценовникот на услугите согласно пазарните услови, со навремено известување на Корисникот.
2.2.4. Да пресмета законска затезна камата доколку Корисникот доцни со плаќање на месечниот надомест.
2.2.5. Операторот не е одговорен за неправилно работење на Корисникот.

2.2.6. Операторот не го контролира и во ниеден случај не ја гарантира содржината на податоците пренесени или разменети помеѓу Корисникот на услугата и било која друга страна.
2.2.7. Во случај на привремен прекин на претплатничката линија од сообраќај поради пречки на линијата кој трае повеќе од 48 часа непрекинато во еден календарски месец, корисникот пропорционално се ослободува од плаќање на месечниот надоместок за месецот во кој имало прекин. Износот ќе биде одбиен во наредната сметка на корисникот, без тоа да биде побарано од негова страна.

3. Обврски и права на Корисникот

3.1. Права на Корисникот
3.1.1. Корисникот има право да поднесе приговор поради неисполнување на квалитетот на сервисот.
3.1.2. Корисникот има право после истекот на 6 месеци да го раскине договорот со операторот, со писмено известување однапред 30 (триесет) дена со обврска за регулирање на сите трошоци кон Операторот.
3.2. Обврски на Корисникот
3.2.1. Корисникот е должен да обезбеди соодветно место за поставување на опремата на Операторот.
3.2.2. Редовно да го подмирува месечниот надоместок.
3.2.3. Навремено да го извести Операторот за евентуални прекини во сервисот со цел истите да бидат отстранети.
3.2.4. Да се придржува до инструкциите и упатствата од страна на Операторот за правилно користење на услугите.
3.2.5. Корисникот се обврзува за цело времетраење на договорот да поседува функционален ТВ приклучок на АЛТРАСАТ 2000.
3.2.6. Во мрежата на Операторот е забрането прикажување, рекламирање и размена на податоци со недозволена содржина (порнографија од било кој вид, набавка и користење на опојни дроги, повикување или поттикнување на насилство од било кој вид и сл.). Ако Корисникот прикажува, рекламира или разменува податоци од таква содржина, тогаш Операторот има право веднаш без претходно предупредување да го исклучи од мрежата.
3.2.7. Доколку Корисникот користи одредена техничка опрема што ја попречува работата на мрежата на Операторот, тогаш Операторот има право да го извести Корисникот за проблемот и веднаш да ја укине услугата.
3.2.8. Корисникот дава согласност на Операторот да има целосен пристап до уредите кои се во сопственост на Корисникот, а служат за поврзување на интернет мрежата.
3.2.9. Корисникот не смее на било каков начин да се обиде или да ја попречи техничката работа на Операторот.
3.2.10. За секое евентуално оштетување на опремата на Операторот по вина на Корисникот, Корисникот е должен да ја надомести направената штета.
3.2.11. Корисникот е должен при временски непогоди (грмотевици, дождови и сл.) да го извади приклучниот кабел и инсталираната опрема. Во спротивно, настанатата штета паѓа на терет на Корисникот.
3.2.12. Корисникот има право на приговор против одлуките или активностите на операторот, во врска со пристапот до или обезбедувањето на услуги во рок од 15 дена од приемот на одлуката.
Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, корисникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на операторот или други достапни начини на плаќање од страна на операторот. Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести корисникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на корисникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пр.службена белешка за извршената техничка контрола и сл.)

Доколку корисникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата, да побара заштита на своето право пред Агенцијата.
Доколку операторот не постапи по приговорот во рокот од 15 дена, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот.
Агенцијата, одлучува по приговорот од корисникот во рок од 42 дена од денот на приемот.
Информации може да добие секој корисник на бесплатниот број на АЕК – "190".

4. Времетраење на договорот

4.1. Договорот се склучува на неопределено време со минимален период на користење на услугата од 6 месеци.

5. Раскинување на договорот

5.1. Корисникот може да го раскине Договорот со писмено известување однапред 30 дена од датата на раскинување со обврска за регулирање на сите трошоци кон Операторот.
5.2. За предвремено раскинување на договорот, Корисникот е должен да плати договорна казна од - _____ денари (наведете фиксен износ за договорната казна – бројка да биде, пример 2000 денари) доколку раскинувањето се случи во првите 6 месеци од склучувањето на овој Договор. Договорот ќе му биде раскинат предвремено во рок од 15 дена од денот на поднесување на барање за раскинување.
5.3. Договорот може да се раскине и поради виша сила. Под виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорените страни, чие настанување неможело да се спречи или предвиди и поради кој исполнувањето на обврските станало отежнато или невозможно. (природни или општествени настани, акти на јавната власт).
5.4. Операторот може предвремено да му го раскине Договорот на корисникот во рок од 15 дена, доколку забележи дека корисникот не ги почитува договорените обврски.

6. Промена на условите од претплатничкиот договор

6.1. За сите промени на цените или пакетите, корисниците ќе бидат редовно информирани од страна на операторот најмалку 30 дена пред воведување на измените. Се смета дека корисникот ги прифатил изменетите услови доколку по известувањето продолжи со користење на услугата и во наредниот месец. Доколку корисникот не се согласува со предложените измени, во рок кој не може да биде пократок од 30 дена од денот на известувањето, без последици може да го раскине претплатничкиот договор.
6.2. Доколку операторот не постапи според погоренаведените одредби, во овој член, тоа нема да ги ослободи корисниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

7. Анекс Договор

6.1. За секое евентуално дополнување се прави анекс Договор на постоечкиот основен Договор.
6.2. Анекс Договорот се однесува на промена на капацитетот на сервисот како и евентуални промени на цените.

8. Надлежен суд

7.1. Во случај на спор надлежен е Основниот суд во Охрид,.

9. Стапување во сила на Договорот

8.1. Договорот стапува на сила од денот на потпишувањето на двете страни.

8.2. Договорот е составен во три идентични примероци од кои еден за Корисникот и два за Операторот.

ПРЕТПЛАТНИК:

ОПЕРАТОР
Алтрасат 2000

Интернетот се плаќа до 10 – ти за тековниот месец
и тоа во просториите на кабелската телевизија на
Бул.Македонски Просветители бб ТЦ Охриѓанка тел.046 / 254 224